## За студиската програма

Вториот циклус студии на Педагошкиот факултет се конципирани како континуитет на првиот циклус студии и претставуваат флексибилен сегмент за натамошен професионален развој. Програмите се наменети за сите студенти кои завршиле студиска програма од прв циклус студии, во обем од 240 ЕКТС-кредити од областа на образованието, воспитанието и библиотекарството, на нашиот Факултет или на други факултети со студиски програми од сродни области.

Студиската програма на акдемски магистерски студии од втор циклус на студиската група Одделенска настава е развиена во согласност со критериумите, задачите и целите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за задржување на високиот стандард во образувањето на квалитетни наставни кадри. Студиската програма е конципирана на начин кој овозможува стекнување на знаења и компетенции неопходни за магистер од оваа област, односно вклучува стекнување на знаења и способности за креирање и примена на соодветни методолошки стратегии за истражување, за проценка и примена на воспитно- образовни модели кои се соодветни со специфичноста на различни воспитно-образовни контексти.

Со оваа студиска програма кандидатите имаат можност да се оспособат за познавање и разбирање на различни научно-истражувачки стратегии и модели во областа на наставниот процес, познавање и разбирање на современите теории за развој на учениците, како и на дидактичко-методските пристапи во воспитанието и образованието на одделенската настава. Програмата има за цел да формира критички број на професионалци, кои ќе се грижат за континуиран развој на квалитетот на основното образование во Република Северна Македонија, во согласност со современите воспитно-образовни процеси во светот, односно да овозможи професионализација на воспитанието и образованието и подигање на квалитетот на стручната оспособеност на одделенските наставници од првиот и вториот воспитно-образовен период на основното училиште.

Во согласност со Болоњските принципи, оваа студиска програма предвидува студирање според ЕКТ-системот, односно стекнување на вкупно 60 кредити за завршување на предвидените студии, распоредени во 2 семестри. Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд и 3 изборни предмети.

При изработка на програмата за втор циклус студии почитувани се и современите тенденции во развојот на воспитание и образование, што директно влијаеше на структурата на студиската програма, како и во издвојувањето на научни дисциплини и програмски подрачја во соодветни предметните програми. Вака структуираната програма ќе овозможи овој кадар да се оспособи:

- да прави избор на воспитно-образовни стратегии и методски постапки соодветни на индивидуалните потреби на учениците,
- да планира, организира и реализира воспитно-образовни активности во основните училишта,
- да интегрира содржини од различни воспитно-образовни подрачја,
- да применува истражувачки методи, техники и инструменти карактеристични за акциони истражувања,
- да ја прифати својата професионална улога во современото општество, знаејќи кои компетенции треба да ги поседува, но и да ја разбере потребата од континуиран професионален развој.

Развојот на научните сознанија од оваа област се одраз на настојувањата да се обезбеди оптимален развој, бидејќи квалитетот на искуствата во раниот училишен период го детерминираат натамошниот развој на личноста. Во тој контекст несомнена е улогата на овие кадри во креирање на оптимална средина за учење и развој на сите деца во согласност со индивидуалните потреби. Затоа и програмата за Одделенска настава на втор циклус студии

нуди можност за постигнувања и усовршувања на овие кадри, кои својата дејност може да ја извршуваат во низа воспитно-образовни институции и установи: училишта, државни институции и центри кои се занимаваат со воспитно-образовна проблематика, сектори за човечки ресурси во компании и фирми, итн.

## Општи дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Познава различни научни постапки во областа на образованието и културата;<br>Познава современи истражувачки стратегии и модели во областа на образованието и културата;<br>Ги разбира и ги продлабочува сознанијата за специфични области во рамките на образованието и културата;<br>Покажува знаења и разбирања на социјалната и културната димензија на воспитно – образовната/културно – образовната установа. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Презема одговорности за примена на оригинални научни сознанија и умее критички да ги систематизира во образовната и библиотечната практика;<br>Умее да лоцира образовно – културни дилеми и покажува способности за примена на соодветни научни решенија за нивно надминување;<br>Умее да применува истражувачки методи, техники и инструменти и поседува умеење за вклучување во акциони истражувања. |
| Способност за проценка | Покажува способности за критичен осврт и систематизација на различни сознанија од областа на образованието и библиотекарството;<br>Покажува способност за проценка на теоретски и практични прашања од областа на образованието и библиотекарството и го аргументира сопствениот избор. |
| Комуникациски вештини | Умее тимски да работи во воспитно–образовната и библиотечната практика со деца, возрасни и стручни лица;<br>Покажува вештини за преземање одговорност за заедничко договарање, иницирање и водење на активности;<br>Има познавања за одржување на академско ниво во стручната комуникација со лица од исти и други стручни профили; |
| Вештини за учење | Поседува способност за преземања на одговорност за сопствениот професионален развој и за учење со евалуација и рефлексија на сопствената работа;<br>Поседува информациска писменост (откривање и користење на извори на нови научни сознанија и информации). |

## Специфични дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Познава современи едукативни тенденции, препознава можности за нивна имплеметација и ја разбира потребата од усогласување со социјалната, културната и етничката различност кај учениците во одделенската настава;<br>Ги познава дидактичките одредби на курикулумот и ги разликува специфичностите на различните методски пристапи во воспитанието и образованието на учениците од одделенската настава; |

| | |
|---|---|
| | Познава стратегии на избор и комбинирање на дидактичко методска структура компатибилна на содржините од соодветните наставни предмети во училишниот курикулум. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Покажува способности за примена на стратегии за развој на современ курикулум за одделенска настава;<br>Применува стратегии за реализација на нови идеи (креативност) во областа на воспитувањето и образованието и препознава актуелни ситуации и потреби за развојност на училишниот курикулум.<br>Поседува способност за примена и креирање на соодветни методолошки стратегии за истражување на практично манифестирани појави во првиот и вториот циклус од основното образование; |
| Способност за проценка | Поседува способност за проценка на ефектите различните воспитно образовни модели и дидактичко-методски компоненти и користи педагошка сензитивност за нивно менување;<br>Поседува способности за проценка и креативна измена на воспитно-образовни проблеми во воспитно-образовна дејност во одделенската настава;<br>Поседува способности за критичка (само) рефлексија и (само) евалвација на воспитно-образовната и на истражувачката работа. |
| Комуникациски вештини | Применува современи комуникациски техники во координирање на работата со учениците и со професионалниот воспитно-образовен тим во училиштето;<br>Придонесува за развој на комуникациските техники кај учениците и возрасните како основно средство за социјален и меѓуетнички дијалог.<br>Применува современи технологии во размена на информации од стручен карактер. |
| Вештини за учење | Поседува способности да користи и применува современи модели за критичко мислење и учење;<br>Користи информациски извори и ги селектира за примена во првиот и вториот циклус од основното образование.<br>Разива и поттикнува вештини и можности за вербално, електронско и писмено споделување размена на искуства и знаења во интерес на стручно усовршување и развој<br>Активно користи различни извори за учење и стручно усовршување во насока на континуиран професионален развој |